ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-333/9

Дата: 03.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кавадарци за 2016 година.
За финансиските извештаи за 2016 година на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кавадарци изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кавадарци за 2008 година се дадени две препораки, по кои не е постапено.
На оваа сметка се евидентирани трансфери од централната власт и од буџетот на општината по основ на блок дотации за основно образование, средно образование, детска градинка и корисници од областа на културата, како и наменска дотација за плати, додатоци на плати и надоместоци за вработените во ТППЕ.
Средствата се користат за основни плати и придонеси за социјално осигурување, патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи, привремени вработувања и капитални расходи.
Ревизијата во останати прашања ја истакнува системската слабост која се однесува на дефинирање на критериумите и коефициентите на сложеност на работните места во ТППЕ и финансирањето на единиците за ТППЕ.
Од страна на законскиот застапник на Општина Кавадарци не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кавадарци на сметката на приходи на буџет на дотации (930), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. „Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Кавадарци за 2008 година и е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Александар Панов, градоначалник од 10.04.2013 година до 31.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.09.2017 до 21.12.2017 година кај Општина Кавадарци од тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Лила Зафировска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Биљана Сурлевска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Нада Бојаџиева, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Насер Бафтијари, ревизор и овластен државен ревизор

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 24.01.2018 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. На Сметката за наменски дотации (930) на Општина Кавадарци на ден 31 декември 2016 година има неискористени средства од корисниците на блок дотациите во износ од 23.802 илјади денари, поради нереализирани плански активности. Ревизијата истакнува дека покрај средствата кои од надлежните Министерства како блок дотации се дотирани на оваа сметка и Општина Кавадарци учествува со средства од општинскиот буџет во вкупен износ од 8.524 илјади денари за финансирање на активностите на корисниците иако истите на крај на 2016 година ги немаат потрошено средствата обезбедени од блок дотациите од централниот буџет. Најголем дел од неискористените средства се од нереализирани плански активности на детската градинка, основните и средните општински училишта.

**Препорака:**

За целосно и навремено реализирање на програмските активности и финансиските планови на корисниците да се подобри комуникацијата помеѓу

одговорните лица во единицата на локална самоуправа, корисниците на наменски и блок дотации и надлежните министерства.

3.1.2. Финансирањето на пренесените надлежности во општините од септември 2007 година се врши преку блок дотациите. Утврдување на критериумите и износите на блок дотациите се врши согласно уредби за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за општинските јавни установи од областа на детска заштита, култура, основно образование и за средното образование по општини и Градот Скопје донесени од Владата на Република Македонија. Надлежните министерства ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските и блок дотациите, согласно кои вршат распределба на средствата по општини. Советот на Општина Кавадарци нема донесено пишани критериуми за распределба на средствата од блок дотациите помеѓу корисниците од одредена област. Непостоењето на утврдени критериуми создава ризик од намалена транспарентност и нееднаков третман на корисниците во распределбата.

**Препорака:**
Советот на Општина Кавадарци да донесе пишани критериуми за распределба на средствата од блок дотациите, со цел да се обезбеди транспарентност и еднаков третман на корисниците во распределбата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кавадарци на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 5. Останати прашања

5.1. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Закон за пожарникарство во 2004 година, вработените и имотот на противпожарните единици се преземаат од страна на градот Скопје и општините од месец март 2005 година. По извршеното преземање, платите на вработените во ТППЕ се исплаќаат од Буџетот на РМ преку наменските дотации кои се добиваат од Министерството за внатрешни работи и според критериуми за пресметка на плата утврдени претходно, пред да стапи на сила Законот за пожарникарство. Во актот за систематизација на работните места на Општина Кавадарци од 2010 година се предвидуваат и работните места на вработените во ТППЕ кои своите права и обврски ги извршуваат согласно Законот за работните односи, Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор и Законот за пожарникарство. Согласно Законот за работните односи и Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор, основната плата се определува врз основа на барањата на работното место (видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место, стручната подготовка и стекнатите знаења и вештини), а коефициентот на сложеност на работните места се утврдува со колективен договор на ниво на дејност, односно со колективен договор на ниво на работодавач. До моментот на вршење на ревизијата градоначалникот кој согласно неговите надлежности одлучува за правата на вработените нема донесено акт со кој би се утврдиле коефициентите на сложеност на работните места кои претставуваат основ за пресметка на платите на вработените во ТППЕ. Ревизијата смета дека постои потреба од подетално регулирање, пропишување и донесување на правен акт со кој ќе се дефинираат критериумите, коефициентите на сложеност на работните места во ТППЕ.

5.2. Согласно член 49 од Законот за пожарникарството, за финансирање на активностите на ТППЕ кои се во негова надлежност, Општина Кавадарци има можности за остварување на дополнителни приходи од: наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата од пожари и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Општина Кавадарци не остварува приходи по овие основи, освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, за кои нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат по овој основ, ниту пак има законска обврска да се увери во точноста и вистинитоста на уплатените средства.

Недоволната прецизност во дефинирањето во законското решение на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ придонесува за неостварување на приходи по овие основи.

Надлежните органи да преземат мерки и активности во насока на допрецизирање на дефинирањето во законското решение на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2016** | **2015** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 345.016 | 341.672 |
| **Вкупно приходи** | | **345.016** | **341.672** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 266.512 | 257.382 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 48.040 | 55.599 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 803 | 771 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **315.355** | **313.752** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 5.859 | 4.357 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **5.859** | **4.357** |
| **Вкупно расходи** | | **321.214** | **318.109** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **23.802** | **23.563** |

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 ден.**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 23.802 | 23.563 |
| **Вкупно тековни средства** | | **23.802** | **23.563** |
| **Вкупна актива** | | **23.802** | **23.563** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 23.802 | 23.563 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **23.802** | **23.563** |
| **Вкупна пасива** | | **23.802** | **23.563** |